ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 30 јули 2015

# СООПШТЕНИЕ

## Повеќе од 2400 осигуреници имаат искористено Специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување со решение на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Директорите на Фондот за здравствено осигурување, д-р Сашо Стефаноски и Орхан Рамадани во рамките на денешната работна посета на подрачната служба на Фондот во Гевгелија ја посетија бањата - Негорски Бањи, каде што осигурениците на Фондот за здравствено осигурување можат да ги користат следниве здравствени услуги:

- Специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување со решение од Фондот;
- Медицинска рехабилитација во амбулантски и болнички услови со упат од избран лекар, односно специјалист/субспецијалист.



Во тек на 2014 година, специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување со решение од Фондот во бањите во Република Македонија своето право на бањско лекување го искористиле повеќе од 2400 осигуреници, а во тек на првата половина од 2015 година ова право го искористиле околу 1300 осиуреници

Стратешка определба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија е да обезбеди за осигурениците поголема достапност на лекови на товар на Фондот и во таа насока отворени се вкупно 61 аптекарска станица и 5 подвижни аптеки. Директорите денес ја посетија и ново отворената аптекарска станица ПЗУ Аптека Биофарм 4 во с.Негорци.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH




Во рамките на посетата на Подрачната служба во Гевгелија директорите на ФЗОМ, продолжија со реализација на започнатиот проект, во секоја од подрачните служби да се запознаат со реалните проблеми и потреби на осигурениците и на вработените. Истовремено, овие средби претставуваат можност за изнаоѓање моментални или системски решенија за надминување на проблемите и пропустите со кои секојдневно се соочуваат осигурениците и вработените.

Подрачната служба на Фондот во Гевгелија опслужува над 30.856 активни осигуреници кои ги користат услугите на Фондот, а живеат во Гевгелија и во непосредната околина, вклучувајќи ги и селата кои ги опфаќа овој реон. Голем дел од нив веќе се информирани и се задоволни од придобивките од воведените новини, како дел од услугите на Фондот: електронско пријавување и одјавување на вработени, електронско пријавување на пациенти кај матичните лекари, е - потврди за студентите, заверка на ортопедски помагала итн.



За 2015 година Фондот издвои 41.800.000 денари кои ги намени за Здравствен дом – Гевгелија, 88.300.000 денари за Општа болница – Гевгелија и 51.000.000 денари за Психијатриска болница – Негорци.

Тимот на Фондот за здравство на Македонија и понатаму останува да биде во служба на своите осигуреници, истовремено, продолжува да ги реализира зацртаните цели и активности и несебично и неуморно да се вложува во работата.